Центар за стручно образование и обука

# Информативен билтен

## Центар за стручно образование и обука



*Драги читатели,*

*Во овој информативен билтен ќе Ве информираме за реализираните активности од страна на Центарот за стручно образование и обука, како што се новините во стручното образование и обука, разни семинари, работилници, издадени публикации, конференции, натпревари, состаноци, како и други активности реализирани од страна на вработените во ЦСОО.*

*Ви благодариме на вниманието.*

*Обука на тема „Планирање и спроведување на подучувањето, учењето и оценувањето“*

Во рамките на проектот „Јакнење на доживотното учење преку модернизација на средното стручно образование и обука“, се одржа четиридневна обука за наставниците од стручните училишта во Р. Македонија.

Обуката се одржа во период од 22 до 25 август 2016 год. во Скопје, во хотел Арка, во органи- зација на Британски совет.

Првата сесија ја опфати темата „Принципи на подучување, учење и оценување во стручното образование“.

На втората сесија се обработуваше темата „Планирање на учењето според потребите на учениците и мотивирање на учениците за учење“.

Третиот ден од обуката, наставниците определуваа резултати од учење на една содржина за наставен час по слободен избор.

Завршната сесија опфаќаше дефинирање критериуми за оценување на резултатите од учење.

На обуката беа присутни наставници од стручните училишта од Скопје, Велес, Кавадарци и Крива Паланка, како и претставници од МОН и од ЦСОО.

Од Центарот за стручно образование и обука присуствуваа раководителот на Секторот за стандарди, наставни планови и програми, Лепа Трпческа, и советникот по лични услуги Марија Настовска.